ПРЕДЛАГАЧИ: Димитар Апасиев – пратеник од Левица
Борислав Крмов – пратеник од Левица

# ПРЕДЛОГ- ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, јануари 2022 година

ДО:
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71, став 1 од Уставот на Република С. Македонија (1991) и членовите 132, 137 и 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија (2008), поднесуваме *Предлог на закон за изменување на законот за минимална плата во Република Северна Македонија* – по скратена.

ПРАТЕНИЦИ:

________________________________

________________________________

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ПРЕДЛОГ ИЗМЕНИТЕ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со законот за минимална плата во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 132/17 и 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 124/19 и 239/19) е предвидено усогласувањето на минималната плата да се врши со порастот на просечната исплатена плата за сите вработени во Република Северна Македонија. Постои реалана потреба од зголемување на минималната плата поради зголемувањето на цените, животниот стандард и поголема мотивација на работникот.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Законот се заснова на истите начела на кои се заснова основниот текст на Законот за минимална плата во Република Северна Македонија.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на законот не предизвикува фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на овој закон не е потребно обезбедување дополнителни финансиски средства од Буџетот на Република Македонија.

V. ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Согласно со член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, од причина што не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Предлогот на законот да се донесе по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Член 1

Во законот за минимална плата во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија” број 11/2012, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15, 132/17, 85/18, 140/18 124/19 и 239/19), членот 4 се менува и гласи:

„(1) Висината на минималната плата не може да биде пониска од 60% од просечната исплатена нето-плата по вработен во последните три објавени месеци, согласно со податоците објавени од Државниот завод за статистика.

(2) Министерот за труд и социјална политика најдоцна до дваесеттиот ден во месецот, по претходно мислење од Економско-социјалниот совет, ја објавува висината на минималната плата за наредниот месец во бруто износ усогласена согласно ставот (1) на овој член, во "Службен весник на Република Северна Македонија“.

## Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Со членот 1 се менува членот 4 поради тоа што со предложениот закон се утврдува висина на минимална плата од месец јануари 2022 година да се примени системското решение на усогласување на минималната плата согласно утврдените критериуми во Законот.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Решенијата содржани во предложените одредби се меѓусебно поврзани.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Очекуваните резултати што ќе произлезат од овој предлог закон е да се поттикне спиралата за покачување на платите, а со тоа минималната плата ќе расте и понатаму согласно тенеденциите на економскиот раст.

ИЗВОД НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА МИНИМАЛНА ПЛАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КОИ СЕ ИЗМЕНУВААТ

Член 4

(1) Исплатената висина на минимална плата во бруто износ за месец март секоја година се усогласува со:

- една третина од порастот на просечно исплатената плата во Република Северна Македонија,
- една третина од порастот на индексот на трошоците на живот и
- една третина од реалниот пораст на бруто домашниот производ, за претходната година, според податоците на Државниот завод за статистика.

(2) Министерот за труд и социјална политика, по претходно мислење од Економско-социјалниот совет, ја објавува висината на минималната плата во бруто износ усогласена согласно ставот (1) на овој член, во „Службен весник на Република Северна Македонија“, во месец март секоја година, која ќе започне да се исплатува со платата за месец април во тековната година.